АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ

Бр. 0703-1103/1

23.04 2012 год.

СКОПЈЕ

**До:**

**Друштвата за осигурување**

**Друштвата за застапување во осигурување**

**Националното Биро за осигурување**

**Известување – циркуларен допис СРЛ – 1/2012**

Почитувани,

Во април 2011 година се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за супервизија на осигурување ("Службен Весник на Република Македонија" бр. 44/2011). Со членот 31 од овој закон се врши изменување и дополнување на членот 134-в од Законот за супервизија на осигурување со додавање на нови ставови (3) и (4) во овој член согласно кои "(3) Агенцијата за супервизија на осигурување во лиценцата за застапник во осигурувањето ќе го наведе друштвото односно друштвата за осигурување за кои застапникот врши работи на застапување во осигурувањето како и класите на осигурување за кои застапникот е овластен да врши работи на застапување согласно со договорот за застапување во осигурување склучен со друштвото/а за осигурување односно друштвото/а за застапување во осигурување" и "(4) Во случај на раскинување на договорот за застапување во осигурување склучен меѓу застапникот и друштвото за осигурување односно друштвото за застапување во осигурување, застапникот и друштвото се должни да ја известат Агенцијата за супервизија на осигурување."

Исто така, во текот на 2011 година Агенцијата за супервизија на осигурување донесе Правилник за формата, содржината и начинот на водење регистри на застапници во осигурувањето, друштва за застапување во осигурувањето, осигурителни брокери, осигурително брокерски друштва и банки од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување (Службен весник на РМ бр. 12/2011) и Правилник за формата, содржината и начинот на водење регистри на застапници во осигурувањето и осигурителни брокери од страна на друштвата за осигурување, осигурително брокерските друштва и друштвата за застапување во осигурување (Службен весник на РМ бр. 41/2011).

Со цел усогласување со горенаведените законски одредби, Агенцијата за супервизија на осигурување врз основа на поднесен/и договор/и за застапување склучен со друштвата за осигурување односно друштвата за застапување во осигурување, **по службена должност изврши замена на веќе издадените лиценци за застапник во осигурување со нови лиценци** во кои е наведено друштвото/а за осигурување односно друштвото/а за застапување за кои застапникот врши работи на застапување во осигурувањето како и класите на осигурување за кои застапникот е овластен да врши работи на застапување согласно со договорот за застапување склучен со друштвото/а за осигурување односно друштвото/а за застапување во осигурување. Сите нови лиценци за застапник во осигурување содржат податоци за друштвата за осигурување и класите

на осигурување за кои застапникот е овластен да врши работи на застапување во осигурување, согласно договорите за застапување во осигурување склучени со друштвата за осигурување односно друштвата за застапување во осигурување.

Исто така, Агенцијата за супервизија на осигурување, согласно Правилникот за формата, содржината и начинот на водење регистри на застапници во осигурувањето, друштва за застапување во осигурувањето, осигурителни брокери, осигурително брокерски друштва и банки од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување **го воспостави и Регистарот на застапници во осигурувањето.** Регистарот е јавно објавен на веб страната на Агенцијата и истиот редовно ќе се ажурира со цел добивање точни и навремени информации за сите лица кои имаат лиценца за застапник во осигурувањето.

Во насока на соодветна имплементација на сите горенаведени законски одредби и од страна на друштвата за осигурување односно друштвата за застапување во осигурување, **се задолжуваат друштвата за осигурување и друштвата за застапување во осигурување**:

1. **да воспостават и јавно (на своја веб страница) да објават Регистар на застапници** во осигурување и друштва за застапување во осигурување кои работат за конкретното друштво за осигурување односно друштво за застапување во осигурување, **најдоцна до 30.06.2012 година**. Регистарот по содржина да одговара на содржината пропишана со Правилникот за формата, содржината и начинот на водење регистри на застапници во осигурувањето и осигурителни брокери од страна на друштвата за осигурување, осигурително брокерските друштва и друштвата за застапување во осигурување (Службен весник на РМ бр. 41/2011) и истиот редовно (на дневна основа) да се ажурира согласно податоците со кои располага друштвото. За воспоставениот и објавен регистар, друштвата се должни да ја известат Агенцијата веднаш по неговото објавување, со задолжително наведување на веб страната на која истиот е јавно објавен и
2. **редовно да ја известуваат Агенцијата за супервизија на осигурување за раскинување на договорот за застапување во осигурување** склучен со застапникот во осигурување односно друштвото за застапување во осигурување, а најдоцна во рок од 5 дена од денот на неговото раскинување.

Со почит,

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ НА ЕКСПЕРТИ**

**д-р Климе Попоски**

К. Попоски

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ СКОПЈЕ

Доставено до:

- друштвата за осигурување
- друштвата за застапување во осигурување
- Националното Биро за осигурување